11

Влада на Република Северна Македонија
- ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАРИЈАТ -

**Здружение за унапредување на квалитетот на живот на лицата со аутистичен спектар „Сина светулка“**

**ЗАВРШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА ПРОЕКТОТ**

# „Аутизам-онлајн поддршка“

(Име на проектот)

Скопје, 20. 01. 2021 година
(Место) (датум)

| 1. Општи информации за проектот и корисникот |
|---|

| | |
|---|---|
| Број на Договор за обезбедување финансиска поддршка | 25-33/1 |
| Име на здружението/фондацијата корисник | Здружение за унапредување на квалитетот на живот на лицата со аутистичен спектар „Сина светулка“ |
| Наслов на проектот | Аутизам-онлајн поддршка |
| Период на спроведување на проектот | од 01.07.2020 година до 31.12.2020 година |
| Лице овластено за застапување на корисникот | Јасмина Трошанска |
| Проектен менаџер | Јасмина Трошанска |
| Телефон и е-пошта за контакт | 070 325 805 sina.svetulka@gmail.com |
| Цел на проектот | Онлајн поддршка на децата со аутизам и нивните семејства во период на неизвесност. |
| Целна група | Проектот директно се однесува на деца/лица со нарушувања од спектарот на аутизам и семејствата/старателите на децата/лицата со аутизам, но, од него бенефит ќе имаат сите стручни лица кои се занимаваат со оваа проблематика (специјални едукатори и рехабилитатори, асистенти, психолози) |
| Целно подрачје и локација каде се спроведувал проектот | Територија на РМ |
| Вкупна вредност на проектот (според договорот за обезбедување финансиска поддршка) | 672 210,00 ден. |
| Вкупно потрошени средства до денот на завршување на проектот | 681 210,00 ден. |

| 2. **Резиме** - Краток преглед на спроведените активности и оценка на постигнатите резултати на проектот. (Резимето треба да одговара на содржината на проектот и да не е подолго од 200 зборови или 1-2 страници) |
|---|

Активностите на проектот започнаа во почетокот на месец Јули со регистрирање на веб страна www.sinasvetulka.mk за потребите на проектот и со контактирање на тимот на професионалци за работа на проектот од Здружението „Сина светулка, од ПОУ „Д-р Златан Сремец“, Здружението „Млад знак“ и „Тетовски универзитет“. Со добивањето на грантот веднаш се започна со објави, онлајн консултации и советување преку социјалните мрежи и e-mail на родители на деца со аутизам и на професионалци кои работат во областа на аутизмот. Во почетокот консултациите беа насочени кон запишување на децата со аутизам во училиште, избор на училиште, пронаоѓање на асистент, проценка на детето, консултации во однос на насочување кон институциите, како и консултации во врска со справување со предизвикувачкото однесување во домот поради кризата со пандемијата. Понатаму,

консултациите беа насочени кон изработка на индивидуален образовен план, избор на онлајн содржини за децата со аутизам и како да се реализира настава на дистанца.
Снимањето на семинарите започна во вториот месец од проектот и траеше до крајот на проектот.

Семинарите се поделени во 8 категории:
-Активности за поттикнување на физичкиот развој кои беа подготвени од стрна на наставник по физичко и здравствено образование кој работи во ПОУ „Д-р Златан Сремец"
-Вклучување на детето во секојдневните активности во домот. Овие видеа имаат за цел да им дадат на родителите идеи што да работат со децата додека се наоѓаат во домот и како да ги поготват за понатамошните животни предизвици.
-Вовед во нарушувања од спектарот на аутизам. Семинарите се наменети за сите оние кои немат основни познавања за аутизмот.
-Едноставен знаковен јазик. Овие семинари имаат за цел едукација на родителите, децата со аутизам и стручните лица за употреба на едноставен знаковен јазик кој ќе служи за основна комуникација на децата кои немаат развиен говор но и ќе придонесе понатаму за поттикнување и развој на говорот.
-Подготовка на алатки за визуелна поддршка. Визуената поддршка е неопходна во секојдневието на децата и лицата со аутизам. Овие видеа нудат идеи како да се изработи и примени визуелна поддршка.
-Поттикнување и развој на социјални вештини. Социјалните вештини недостасуваат кај децата со аутизам. Секој професионалец кои работи со нив а исто така и нивните родители потребно е да познаваат одредени методи за развој на социјални вештини кои се презетирани преку овие видеа.
-Сензорни активности во домот. Сетилата кај децата со аутизам отстапуваат и поради тоа потребно е да се работи на нив. Во делот на овие видеа родителите и професионалците ќе добијат идеи како да работат со сетилата.
-Совети за развој на комуникација преку едноставни видео семинари кои се наменети и за родители и за професионалци.

Откако беа изработени и уредени видеата во консултација со лицето кое го одржува сајтот, беа споделувани постепено по социјалните медиуми и беше следена активноста на посетителите, при што, беше забележан голем интерес. Првите објави беа поздравени со воодушевувања за што говорат многубројните споделувања бидејќи ваков вид на видео поддршка се случуваше за прв пат на македонски јазик. Вкупно се снимија 50 видеа на македонски јазик а истите се преведени и на албански јазик. Исто така, со големо воодушевување и интерес беше проследена и соработката со Здружението „Млад знак" со чија помош за прв пат презентиравме употреба на едноставен знаковен јазик за деца со нарушувања од спектарот на аутизам. Сето ова беше постојано презентирано преку web странаата, web портали, социјалните мрежи но и телевизиските медиуми.

Поради интересот за нашите активности од страна на нашите соработници кои потекнуваат од меѓународни организации и институции, сајтот го преведовме и на англиски јазик.

Во рамките на овој проект за прв пат побаравме и добивме лиценца за превод на сертифицирани материјали за визуелна поддршка во работата со учениците со аутизам, што претставува задоволување на потребата на родителите и стручните лица кои се занимаваат со оваа проблематика. Материјалите се користат од професионалците, во ПОУ „Д-р Златан Сремец" веќе поголем дел се изработени, но исто така се користат и од студентите по специјална едукација и рехабилитација.

По повод 3-ти декември светски ден на лицата со попреченост беше организирана онлајн консултација и семинар кој исто така е поставен на веб страната. Средбата беше посетена од над 70 професионалци и родители.

Во текот на активностите, голем број на лица покажаа интерес за проектот и за нашето Здружение при што станаа наши нови членови.
Според податоците обезбедени од Google Analytics, од 13 септември до 31 декември 2020 година веб страницата sinasvetulka.mk ја посетиле 2.682 лица кои оствариле повеќе од 10.000 прегледи на страници, што зборува за голема заинтересираност имајќи во предвид дека се работи за веб страница со тесен фокус и специфична публика.

Најпосетувани подстраници на сајтот се подстраницата каде можат да се преземат материјали, подстраницата со проектот за јакнење на образовни асистенти и подстраницата „Онлајн поддршка".

Сите активности што беа реализирани ќе продолжат да се спроведуваат и надградуваат во иднина и во зависност од потребите на професионалците и стручните лица ќе се снимаат видео инструкции и ќе се поставуваат материјали за визуелна поддршка.

**3. Спроведени активности и резултати од проектот**
Наведете ги активностите (како што се предвидени во проектот), опишете ги преземените активности со периодот на спроведување и постигнатите резултати

| Активност (како што е предвидено со проектот) | Опис на спроведената активност | Период на спроведување | Постигнати резултати |
|---|---|---|---|
| 1.Изработка на web страна | Средба и разговор со стручно лице за подготовка на станата | 01.07.2020 | Web страна на македонски јазик www.sinasvetulka.mk |
| | Изготвување на нацрт на web страна | 03-05.07.2020 | |
| | Регистрација на домаин и хостинг | 06.07.2020 | |
| | Подготовка на материјали за web страната-структура и примерок од материјали поставени на google drive | 07.07-31.07.2020 | |
| | Поставување на лого на web страна и изработка на темплејт | 10.07.2020 | |
| | Додавање на нови елементи на web страната | 10.07.-31.12.2020 | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | Поставување на елементи на web страна на албански јазик<br><br>Поставување на елементи на web страната на англиски јазик | 01.10-31.12.2020<br><br>01.11-31.12.2020 | Web страна на албански јазик https://sinasvetulka.mk/sq/shtepia/<br><br>Web страна на англиски јазик https://sinasvetulka.mk/en/home-2/ |
| 2. Одржувањена web страната | Вметнување на нови содржини | 01.08-31.12.2020 | Поставеност на содржините и видеата на web страната |
| 3. Снимање на видео семинари | -Подготовка на .ppt,<br>-Подготовка на word со текст<br>-Снимање на семинарите на македонски и превод на албански јазик<br>-Едитирање на видео семинарите<br>-Поставување на youtube каналот | 01.08.2020-31.12.2020 | - Подготвени 50 видео семинари на македонски јазик<br><br>- Подготвени и поставени 50 видео семинари на албански јазик. |
| 4. Видео упатства за едукативни активности во домот | -Подготовка, снимање, едитирање и поставување на видео семинари за едукативни активности во домот | 01.10-31.12.2020 | Видео упатства за едукативни активности во домот. |
| 5. Консултации по e-mail, телефонски разговори и советување преку платформа | -Советување по e-mail за употреба на визуелна поддршка.<br>-Советување и консултации за превод и изработка на визуелна подршка.<br>-Советување за справување со однесувањето.<br>-Давање на информации за процесот на дијагностика.<br>Консултации за спроведување на активности во домот.<br>Консултации за запишување на дете во училиште. | 01.07.-31.12.2020 | 38 e-mail консултации.<br><br>12 facebook messenger консултации<br><br>24 телефонски разговори.<br><br>1 советување преку платформата ZOOM |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | Консултации за проценка и вадење на документи. Консултации за подготовка и примена на материјали за работа. | | |

**4. Проблеми во спроведување на проектот** (Наведете доколку имало проблеми во спроведувањето на активностите на проектот, вклучително и доцнење и како тоа влијаело на постигнување на резултатите и целите на проектот)

Проектот започна на време. Откако се постави web страната се работеше според предвиденото темпо. Бидејќи сите активности беа предвидени да се случуваат преку комуникација на далечина и онлајн работење, при реализација немавме потешкотии предизвикани од состојбата во која се наоѓа нашата држава поради кризата предизвиката од COVID 19.

**5. Видливост и јавност** (Одржани конференции, јавни настани, подготвени публикации, објави во медиуми за проектот и сл.)

| Активност | Индикатори | | |
|---|---|---|---|
| | Број на учесници | Број на примероци | Објави во медиуми |
| Онлајн промоција на web страната преку ZOOM | 51 | 51 |  |
| Натпис на порталот www.tocka.com.mk | >100 | >100 | https://tocka.com.mk/tag/autizam-onlajn-poddrska |
| Натпис во портлот www.deca.mk | >100 | >100 | https://deca.mk/svetot-na-bibi-sharen-e-tsel-na-znakoven-jazik-pomosh-i-za-roditelite-i-detsata-so-autizam/ |
| Натпис во порталот www.radiomof.mk | >100 | >100 | https://www.radiomof.mk/znakoven-jazik-za-decata-so-autizam-vo-pandemijata-prevedena-pesnata-svetot-na-bibi-e-sharen-cel/ |
| Натпис во „Охрид Нет“ | >100 | >100 | http://ohridnet.com/vesti/makedonija/22329-autizam-onlajn-poddrshka-vo-korona- |
| Онлајн советување преку платформата ZOOM | 70-90 | 70-90 | https://sinasvetulka.mk/online_poddrshka/seminar-pottiknuvanje-komunikativni-socijalni-veshtini/ |
| Натпис во „Република“ | >100 | >100 | https://republika.mk/zivot/zdravje/zdruzenieto-sina-svetulka-go-promovirashe-proektot-autizam-onlajn-poddrshka/ |
| Гостување на СИТЕЛ телевизика | >1000 | >1000 | https://www.youtube.com/watch?v=Q8XqKFXyJoU&t=2s |

**6. Заклучоци за постигнување на целите, идни активности и одржливост на проектот**

Во однос на постигнатите цели можеме да заклучиме дека:

-Веб страната на здружението и онлајн поддршката која беше развивана во период од 6 месеци се покажа како одлична пракса која ќе продолжи да се развива и понатаму и ќе биде достапна на стручните лица и родителите.

-Во нашето Здружение за време на реализација на проектот пристапија нови лица меѓу кои и лице ја одржување веб страната и кое во иднина ќе продолжи да ја одржува.

-Видео упатствата за едукативни активности во домот се одлична основа се модел за развивање на нови видеа во иднина за повеќе практични активности во домот кои треба да се применуваат со цел подготовка на децата со аутизам за иднината.

-Во делот за видео поддршка се снимија 50 видео семинари и упатства кои се преведоа и на албански јазик. Оваа идеја беше поздравена а потоа превземена од други здруженија како идеја за поддршка на семејствата и професионалците. Во иднина, сите наши семинари ќе ги презентираме на овој начин.

-Децата со аутизам, нивните семејства и стручните лица имаат потреба од советување на далечина преку телефонски повици и е-маил, во период на ограничен физички контакт. Оваа активност ќе биде практикувана и во иднина со цел да се обезбеди услуга на сите оние кои не се во можност физички да стапат во контакт со стручно лице од нашето здружение поради различни причини.

**7. Резиме на Финансискиот извештај**

| **Структура на трошоци** | **Доделени средства (според Договорот)** | **Реализирани трошоци** | **Забелешка** |
|---|---|---|---|
| **I. Човечки ресурси** | 72.000 | 72.000 | |
| **II. Оперативни трошоци** | 45.667 | 45.667 | |
| **III. Директни трошоци** | 554.543 | 563.543 | |
| **Вкупни трошоци (I+II+III)** | 672.210 | 681.210 | |

**8. Документација**
(Наведете листа на документи што се доставуваат во прилог на Завршниот извештај)

Во прилог на Завршниот извештај ви ги доставуваме и следните документи:

1. Финансиски извештај
2. Преглед на документи за поддршка на финансискиот извештај со фотокопии од
   - Договори
   - Фактури
   - Сметки
   - Изводи

Скопје , 20 . 01 . 2021 год.

(Место) (датум)

Јасмина Трошанска, Претседател на Здружението

(име, презиме и функција на овластеното лице за застапување на здружението/фондацијата

М.П.

(Потпис)